# Опис на работни задачи и одговорности на Консултант за ажурирање на тренинг каталог и развој на едукативни материјали и Консултант за графички дизајн на АДКОМ

**I. Позадина**

АДКОМ – Здружение на даватели на комунални услуги на Република Северна Македонија е добро етаблирано и ужива кредибилитет меѓу главните чинители, посветено да им служи на своите членови и да ги поддржува во подобрувањето на работата на комуналните услуги.

АДКОМ има суштинска улога – да нуди поддршка и техничка експертиза на своите членови. Сепак, поради зголемениот број на барања за поддршка, како и динамичната и постојано променлива средина, АДКОМ идентификуваше потреба од понатамошен развој на Здружението за да може ефективно да одговори на потребите на своите членови и да им помогне да ги подобрат нивните услуги.

Свесни за аспектите што може дополнително да се подобрат, но и за потенцијалите и силните страни што може да се искористат, АДКОМ го разви проектот „Зајакнување на АДКОМ за одржлив развој, развој на капацитети и застапување на членките", поддржан од Регионалната мрежа за развој на капацитети (RCDN).

Главната цел на проектот е да обезбеди одржлив раст, да го поттикне развојот на капацитетите и да ја подобри застапеноста на членките, позиционирајќи го АДКОМ како силна и влијателна асоцијација посветена на унапредување на својата мисија и цели.

RCDN е заеднички финансиран од SECO и BMZ, а административно вграден во ГИЗ – ORF MMS.

Во следниот период, АДКОМ ќе работи на зацврстување на својата видливост кон членките и засегнатите страни. За таа цел, неопходно е редовно обновување на ресурси, материјали и алатки за развој на капацитети, како и подготовка на нови едукативни содржини.

АДКОМ од 2019 година располага со Тренинг Каталог, кој претставува главен документ за организирање, презентирање и користење на понудата за развој на капацитети. Каталогот содржи богата архивирана база на програми, но потребно е негово ажурирање со најновите програми, обуки и добри практики.

Покрај тоа, АДКОМ има за цел да развие едукативни материјали за комунални услуги, кои ќе послужат за подигнување на јавната свест за комуналните услуги, особено кај младите, за важноста на правилното користење на услугите, одржливост, хигиена и заштита на животната средина.

**II. Цел на задачата**

АДКОМ ангажира двајца професионални консултанти за изработка на следните компоненти:

1. Ажурирање на АДКОМ Тренинг каталогот и развој на пет едукативни материјали
2. Графички дизајн на е-верзијата на Тренинг каталогот и на развиените едукативни материјали

**II. Одговорностите и задачите на Консултантите се состојат:**

1. **Активности на Консултант 1 – Ажурирање на Тренинг каталог и развој на едукативни материјали**

Главната задача на Консултант 1 е да ја подготви и ажурира содржината и структурата на Тренинг каталогот на АДКОМ, како и да ги развие текстуалните и визуелните содржини за едукативните материјали.

**1.1 Ажурирање на АДКОМ Тренинг каталогот (е-верзија)**

Консултантот треба да:

- изврши систематски преглед на сите постоечки програми во Центарот за обуки на АДКОМ;
- ги интегрира сите нови програми и формати развиени по 2019 година;
- предложи модерна, јасна и логична структура на каталогот;
- подготви квалитетни наративни описи на програмите,
- обезбеди финална и целосно подготвена содржина;

**1.2 Развој на едукативни материјали**

Консултантот треба да:

- развие текстуални и визуелни едукативни содржини за комуналните услуги по насоки на АДКОМ;
- подготви пет материјали со практични примери, упатства и препораки;
- ги прилагоди материјалите за лесна употреба, печатење и дигитална дистрибуција.

**Очекувани резултати:**

1. Целосно ажурирана содржина на Тренинг каталогот, целосно усогласен со новите програми.
2. Развиени, уредени и финализирани едукативни материјали како основа за графички дизајн.

RCDN

**2. Активности на Консултант 2 – Графички дизајн на каталогот и едукативните материјали**

Главната задача на Консултант 2 е да ги дизајнира визуелниот идентитет и изгледот на ажурираниот Тренинг  Каталог и развиените едукативни материјали, вклучувајќи ја и подготовката за печатење.

**2.1 Графички дизајн на е-верзијата на Тренинг каталогот**

Консултантот треба да:

- изработи визуелен концепт на каталогот според содржината обезбедена од Консултант 1;
- развие модерен, јасен и професионален изглед;
- подготви технички готово издание (PDF и онлајн верзија).

**2.2 Графички дизајн на развиените едукативни материјали**

Консултантот треба да:

- развие визуелен стил усогласен со бренд-идентитетот на АДКОМ;
- изработи графики, илустрации, и визуелни елементи за потребите на материјалите;
- прилагоди формати за печат и дигитална употреба.

**2.3 Подготовка на материјалите за печатење**

Консултантот треба да:

- ги подготви датотеките согласно печатарски стандарди;
- достави финални дигитални датотеки за сите материјали.

**Очекувани резултати:**

1. Графички дизајнирана е-верзија на ажурираниот Тренинг каталог.
2. Професионално дизајнирани едукативни материјали.
3. Финални датотеки за печат и онлајн користење.

## III. Профил на Консултантите

**Консултант 1 – Ажурирање на Тренинг каталог и развој на едукативни материјали**

- Универзитетска диплома во соодветна област.
- Минимум 5 години искуство во развој на едукативни содржини.

- Докажано искуство со структурирање и подготовка на тренинг програми.
- Познавање на комуналниот сектор – предност.

**Консултант 2 – Графички дизајн и развој на едукативни материјали**

- Универзитетска диплома во соодветна област.
- Доказливо портфолио со релевантни работи.
- Минимум 3 години професионално искуство во графички дизајн.
- Искуство со дизајн на каталози, брошури и промотивни материјали.
- Искуство со подготовка за печат.

**Јазични вештини:** Течно познавање на Македонскиот јазик а познавањето на англиски јазик ќе се смета за предност.

**Друго:** Ажурност, висока флексибилност, способност за работа со кратки рокови, подготвеност за патување.

## IV. Временски период на извршување на задачата:

Консултантите се ангажираат во временски период од 25.12.2025 година до 25.02.2026 година.

## V. Понуда

Понудата треба да се поднесе најдоцна до 19/12/2025 година до 15 часот. Предлогот треба да се поднесе на Македонски јазик по е-пошта, на adkommk@gmail.com или директно во извршната канцеларија на АДКОМ и треба да ги содржи следните делови:

- Лична биографија ,
- Финансиска понуда која треба да содржи:
  - цена за еден ден ангажман
  -предложен број на денови за работа
  -вкупна понуда за ангажманот
  Цените да бидат наведени во денари во бруто износ

## VI. Критериуми за евалуација и бодување

Понудите ќе се оценуваат врз основа на правилникот за избор на тренери и консултанти на АДКОМ.

## VII. Лице за контакт

Референтното лице за оваа задача е Лолита Стојановска.
Адреса на е-пошта: adkommk@gmail.com

## VIII. Измена на условите

АДКОМ го задржува правото да ги менува условите на повикот во секое време по сопствена дискреција.

## IX. Прифаќање и отфрлање на понудите

АДКОМ не мора да ја прифати понудата со најниска цена или било која понуда. По сопствена дискреција, АДКОМ го задржува и правото да отфрли некоја или сите примени понуди и да ја прифати секоја понуда што ја смета за поволна, без разлика дали е понудата со најниска цена или не. АДКОМ нема никаква обврска да додели договор и го задржува правото да го прекине процесот на барање на понуди во секое време и да се повлечат од дискусиите со сите или со кој било од Консултантите кои одговориле. АДКОМ го задржува правото да ја прифати предложената понуда целосно или делумно, да одбие која било или сите понуди, да се откаже од сите помали неформалности, неправилности или технички работи и да ја прифати понудата која се смета за најповолна за здружението и RCDN.

## X. Сопственост

Сите материјали, документи и информации подготвени, развиени или приспособени од Консултантите и користени за целите на подготовка, реализација и олеснување на задачите се во сопственост на АДКОМ и RCDN. Консултантот се согласува дека ниту еден дел од материјалите, документите и информациите не смеат да се репродуцираат или дистрибуираат во каква било форма, или на кој било начин, или да се складираат во база на податоци или систем за пребарување, за какви било други цели и цели освен оние поврзани со овој Повик, без претходна дозвола од АДКОМ.

## XI. Услови и плаќање

Консултантите ќе бидат ангажирани со посебен индивидуален договор, потпишан од АДКОМ и ќе бидат исплатни по поднесување и одобрување на наведените испораки погоре.

Исплатата ќе биде извршена еднократно по испорака на очекуваните резултати.

## XII. Индикатори за успешност и Евалуација на работата

Индикаторите што ги одразуваат перформансите на Консултантите се: Навремена и квалитетна презентација на резултатите и очекуваното. Изведбата на Консултантите ќе биде оценета од АДКОМ по реализацијата на задачата.

**Анекси:**

*Сите анекси ќе му бидат доставени на Консултантот по потпишување на договор со АДКОМ.*